# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ЕКСПЕРТ

# ЗА СТРАТЕГИСКИ КОМУНИКАЦИИ И МЕДИУМСКИ КАМПАЊИ

## „Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата во здравството “

Здравствениот систем во Северна Македонија со години се соочува со сериозни предизвици поврзани со коруптивни практики, кои го намалуваат квалитетот и пристапноста на здравствените услуги. Истражувањата укажуваат дека граѓаните, а особено жените од маргинализираните заедници, често се изложени на директни или индиректни барања за неформални плаќања, непотизам и дискриминација при пристапот до здравствена заштита. Овие појави не само што ја поткопуваат довербата во институциите, туку создаваат дополнителни бариери за еднаков пристап до основното човеково право – здравје.

Корупцијата во здравството има и изразена родова димензија. Жените, особено оние кои живеат во сиромаштија, во рурални средини или кои припаѓаат на ромската заедница, се соочуваат со двојна нерамноправност: од една страна поради нивниот економски, социјален, етнички или расен статус, а од друга поради родовите стереотипи и дискриминаторските практики во институциите. Непостоењето ефикасни и доверливи механизми за пријавување дополнително ја засилува нивната ранливост и создава чувство на беспомошност.

Постоечките механизми за пријавување корупција се недоволно функционални, со ограничена транспарентност и слаб капацитет за постапување. Институциите ретко обезбедуваат јасни информации и поддршка за граѓаните, а здравствените работници немаат соодветна обука за етичко постапување и справување со случаи на корупција. Истовремено, јавната дебата за оваа тема останува ограничена, а медиумите често известуваат на начин кој не ги препознава родовите аспекти и штетните последици за ранливите групи.

Проектот „Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“ е дизајниран да одговори токму на овие проблеми. Тој има за цел да ја зголеми отчетноста и транспарентноста во здравствениот систем преку зајакнување на жените и граѓаните да пријавуваат корупција, јакнење на капацитетите на здравствените работници за препознавање и превенција на коруптивни практики и зајакнување на институционалните механизми за постапување. Преку едукативни активности, јавни кампањи и застапувачки иницијативи, проектот ќе придонесе кон создавање систем во кој граѓаните ќе имаат доверба дека нивниот глас е слушнат, а нивните права се заштитени. Проектот е поддржан од Француската Развојна Агенција - Expertise France.

## 1.1. Ангажман и работни задачи на експертот

Експертот ќе биде ангажиран за развој и спроведување на медиумски мониторинг, организирање обуки и прес-брифинзи за новинари, како и за креирање и имплементација на национална мултимедијална кампања насочена кон подигање на јавната свест за корупцијата во здравството.

Експертот ќе биде задолжен за:

1) **Медиумски мониторинг и анализа**
   - Спроведување медиумски мониторинг за известување за корупција во здравството (последни 3 години), со акцент на родова сензитивност.
   - Подготовка на извештај со клучни наоди и препораки.
2) **Обуки за новинари**
   - Развој на програма и материјали за обука (5 модули: корупција во здравство, етичко новинарство, родот и корупцијата, истражувачки алатки, ефективни стории).
   - Организација и одржување на 6 дводневни обуки за вкупно 90 новинари од шест региони (минимум 50% жени).
   - Подготовка на кратки извештаи за спроведените обуки.
3) **Прес-брифинзи**
   - Организација и фасилитирање на 6 прес-брифинзи со учество на новинари, проектен тим и институции.
   - Подготовка на кратки извештаи од прес-брифинзите.
4) **Национална медиумска кампања**
   - Развој на сеопфатен план за кампања (стратегија, пораки, целни групи и канали).
   - Координација на продукција и дистрибуција на минимум 16 соопштенија за медиуми и ПР текстови, 60 содржини за социјални медиуми и 18 сценарија за видеа (6 со актери, 8 сведоштва од здравствени работници, 4 сведоштва од жени погодени од корупција).
   - Развој на концепти и содржина за радио кампања и визуелни материјали (инфографици и постери).
   - Координација и осмислување на организација и реализација на настан за креативен активизам.
   - Спроведување на кампања на социјални медиуми
5) **Континуирано следење на вклученоста на јавноста и адаптација на содржините и подготовка на извештаи за резултатите и опфатот на кампањата.**

## 1.2. Очекувани продукти

- Извештај од медиумски мониторинг со родова анализа.
- Програма и материјали за 6 обуки за новинари.
- Спроведени 6 обуки со вкупно 90 новинари (со родов баланс).
- Организирани 6 прес-брифинзи со медиумско покривање.
- Сеопфатен план за национална медиумска кампања.
- Подготвени минимум 16 соопштенија, и 60 содржини за социјални медиуми.

- Развиени сценарија за радио реклами и концепти за визуелни материјали (инфографици и постери).
- Осмислување и координација на настан за креативен активизам.
- Кратки извештаи за резултатите и ефективноста на активностите.

**1.3. Квалификации на експертот**

- Завршено високо образование по новинарство, комуникации, односи со јавност или сродна област.
- Минимум 10 години работно искуство како новинар или специјалист за односи со јавност
- Докажано искуство во развој и спроведување на кампањи за подигнување на јавна свест.
- Предност ќе имаат кандидати со искуство во односи со јавност и соработка со медиуми.
- Искуство во подготовка на материјали и обуки за новинари.
- Одлични комуникациски и презентациски вештини.
- Работно познавање на англиски јазик.

**1.4. Буџет и времетраење**

За овој ангажман е предвиден вкупен буџет во износ од 14.810 евра (бруто износ), односно:

- Хонорар за медиумски мониторинг во износ од 2.700 евра
- Хонорар за спроведување на шест обуки за новинари во износ од 810 евра
- Хонорар за подготовка и спроведување на проектна стратегиска комуникација за 18 месеци во износ од 8.100 евра
- Хонорар за осмислување и координација на еден настан за креативен активизам во износ од 500 евра.
- Хонорар за осмислување и спроведување на кампања на социјални медиуми, вклучувајќи платена промоција на најмалку 60 постови/објави на социјални медиуми во износ од 2.700 евра.

Ангажманот е предвидено да трае **18 месеци, почнувајќи од септември 2025 година**.

**1.5. Потребна документација за аплицирање**

Заинтересираните кандидати треба да доставаат:

- Кратко мотивациско писмо (до 1 страница).
- Биографија (CV) со образовни и професионални искуства.
- Листа на изработени кампањи за подигнување на јавната свест (со краток опис и година на изработка).

Потребната документација да се достави по електронска пошта на адресата **esem@esem.org.mk**, со назнака: *„Повик за ангажман на експерт за проектот Посилен систем за поправедна здравствена заштита: Намалување на корупцијата“* најдоцна до 15 септември, 2025 година.